Машински факултет
Број 08-1629/2
10.12.2020 год.
Скопје

Врз основа на член 163 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ“ број 82/2018), член 53 став 2 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник број 411/2018), како и Одлуката на Наставно-научниот совет за утврдување на потреба од демонстратори број 02-1629/1 од 3.12.2020 година, Деканот на Машинскиот факултет во Скопје распишува интерен

**О Г Л А С**

за избор на демонстратори во учебната 2020/2021 година

I. Се распишува оглас за избор на **2 демонстратори**, како помошници во наставно-образовниот процес на прв циклус студии **во учебната 2020/2021 година**, и тоа:

**1. Во Институт за хидраулично инженерство и автоматика:**
1.1. **За предмети од областа на автоматика**: **1 демонстратор**
- системи и управување
- програмибилни контролери
- управување со динамички системи
- мониторинг на води
- оптимирање на енергетски системи

**2. Во Институт за производно инженерство и менаџмент:**
2.1. **За предмети од областа на индустриско инженерство и менаџмент** **1 демонстратор**
- претприемништво и мал бизнис
- вовед во индустриско инженерство и менаџмент
- менаџмент на развој на нови производи

II. Кандидатите за демонстратори треба да ги исполнуваат следниве услови:
- да се студенти на втор циклус студии запишани на соодветна студиска програма (за точка **I.1.** на студиската програма Автоматика и флуидно инженерство и за точка **I.2.** на студиската програма Менаџмент на животен циклус на производ или на Индустриско инженерство и менаџмент);
- да имаат завршено прв циклус студии или додипломски студии со просечна оценка од најмалку 8,00 (осум);
- да се оценети со оценка од најмалку 8,00 (осум) за значаен предмет/и од прв циклус студии (точка **I.1.** за три од наведените предмети, точка **I.2.** за два од наведените предмети);
- да имаат две препораки од наставници, за точка **I.1.** во Институтот за хидраулично инженерство и автоматика и за точка **I.2.** во Институтот за производно инженерство и менаџмент и
- да имаат истакнато етичко поведение и однесување.

III. Демонстраторот во вршењето на наставнообразовниот процес на Факултетот ќе учествува со минимална ангажираност од 6 часови, односно максимална ангажираност од 12 часови седмично.

**IV. Документи за пријавување:**
- пријава на оглас (во пријавата задолжително да се наведе домашна адреса и број на телефон за контакт и e-mail);
- потврда за запишан втор циклус студии во учебната 2020/2021 година на соодветната студиска програма;
- уверение за завршен прв циклус студии и положени испити;
- две препораки од наставници во Институтот за ХИА, односно во Институтот за ПИМ;
- кратка биографија (CV).

**V. Документите се предаваат во архивата на Факултетот.**

**VI. РОК за поднесување пријава и документи: 14 - 18 декември 2020 година.**

Универзитет “Св. Кирил и Методиј” во Скопје
Машински факултет - Скопје
Декан
Проф. д-р Дарко Данев